**ЈАВЕН ПОВИК**
**за финансиска поддршка на граѓански организации кои работат во областа на локална демократија, креирање и спроведување јавни политики на локално ниво и соработка со локални самоуправи**

проект **„Граѓанските организации во служба на локалната демократија"**

спроведуван од: Европската асоцијација за локална демократија (АЛДА) – Скопје, Здружението на финансиски работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија (ЗФР) и Европското движење (ЕД)

финанасиран од Делегацијата на Европската унија во Скопје преку ИПА програмата за поддршка на граѓанското општество и програмата за медиуми 2015.

**10 ноември 2017 година**

CSOs for Making Local Democracy Work
This project is funded by the European Union

# Содржина

1. Вовед ..... 3

2. Цели и резултати кои треба да се постигнат со финансиската поддршка ..... 3

3. Приоритетни теми на повикот ..... 4

4. Подобни и неподобни активности за добивање на финансиска поддршка ..... 4

5. Видови на апликанти или категории на апликанти кои можат да добијат финансиска поддршка ..... 5

6. Времетраење на проектот ..... 5

7. Средства ..... 6

8. Критериуми за избор ..... 6

9. Поднесување на пријавите ..... 7

10. Информативни средби ..... 8

CSOs for Making Local Democracy Work
This project is funded by the European Union

# 1. Вовед

Европската асоцијација за локална демократија (АЛДА) – Скопје, Здружението на финансиски работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија - Велес (ЗФР) и Европското движење (ЕД) го спроведуваат проектот **„Граѓанските организации во служба на локалната демократија“** финансиран од Делегацијата на Европската унија во Скопје преку ИПА програмата за поддршка на граѓанското општество и програмата за медиуми 2015.

Проектот претставува сет од мерки за зајакнување на граѓанските организации во процесот на нивно создавање како кредибилни, отчетни и независни чинители во процесот на пристапување кон Европската унија.

**Главна цел на проектот** е да го зајакне влијанието на граѓанските организации во јавните политики на локално ниво. Очекувано е преку овој тригодишен проект да се развијат акции за поттикнување на вмрежување и размена на добри практики помеѓу граѓанските организации и локалните самоуправи.
Преку ре-грантовата шема за финансиска помош на овој проект ќе се поддржат мали проекти на граѓански организации.

Специфични цели на проектот:

- Да се создадат услови за граѓанските организации кои ќе овозможат правна и финансиска поддржувачка околина на локално ниво;
- Да се воспостави и развие одржлив механизам за градење партнерства и соработка помеѓу граѓанските организации и локалните самоуправи;
- Да се развијат капацитетите на граѓанските организации со цел да станат релевантни чинители во општествените процеси и донесувањето на јавни политики на локално ниво;
- Да се поттикне размена на добри практики, вмрежување и градење партнерства на национално, регионално и европско ниво.

# 2. Цели и резултати кои треба да се постигнат со финансиската поддршка

***Грантовите ќе бидат доделени на проекти кои ќе придонесат кон главната цел на проектот***: зајакнување на улогата на граѓанските организации за ефективно учество во креирање на јавни политики на локално ниво.

Ќе бидат поддржани **иновативни идеи** за подобрување на соработката помеѓу граѓанските организации (ГО) и локалните самоуправи (ЛС). Овие иницијативи треба да се насочени кон промовирање на транспарентноста и отчетноста на локалните самоуправи, продлабочена соработка помеѓу ГО и ЛС и промовирање на локалната демократија.

CSOs for Making Local Democracy Work
This project is funded by the European Union

Целта на овој повик е да се овозможи поддршка на граѓански организации кои потекнуваат од заедницата (grass-root) и други видови на граѓански организации, во развивање на своите активности, и да се даде придонес кон зголемувањето на соработката помеѓу граѓанските организации и локалните самоуправи.

## 3. Приоритетни теми на повикот

Активностите што ќе бидат предложени мора да бидат во согласност со целите и приоритетите на овој проект и со целите на Програмата " IPA Civil Society Facility and Media Programme 2015 - Support to Civil Society Organisations under the Civil Society Facility Action 2015".

## 4. Подобни и неподобни активности за добивање на финансиска поддршка

Листа на различни видови на активности кои се ***подобни*** за добивање на финансиска поддршка во рамките на овој повик (листата не е сеопфатна):

- Истражување (desk research) и студии за процена на почетната состојба – baseline studies (*истражување не смее да биде главната цел на акцијата*);
- Активности за градење капацитети: обуки и други иновативни форми на градење на капацитети;
- Посредување и олеснување на контакти, консултации и дискусии помеѓу различни засегнати страни;
- Комуникациски и информативни активности насочени кон поддршка на консултации со засегнатите страни;
- Организирање на конференции, тркалезни маси, работилници и семинари (многу ограничен број по предложена акција);
- Активности за промовирање на транспарентноста и одговорноста на финансиските процедури на ЛС;
- Методологија за финансиска и нефинансиска поддршка на локалните власти наменета за ГО;
- Изготвување на препораки за јавни политики;
- Кампањи за подигнување на јавната свест.

Следните видови активности ***не се подобни***:

- Акции засегнати само или главно со индивидуални спонзорства за учество на работилници, семинари, конференции, конгреси;
- Акции засегнати само или главно со индивидуални стипендии за студии или курсеви за обука;
- Активности за поддршка на конкретни партии или избори на кандидати;
- Ретроспективно финансирање за проект кој е веќе спроведен или завршен;
- Финансирање на заостанати долгови на организацијата;

CSOs for Making Local Democracy Work
This project is funded by the European Union

- Проекти за ексклузивна корист на поединци или исклучиво ограничени групи на поединци;
- Проекти за поддршка на политички партии;
- Основно финансирање на главниот барател или неговите ко-апликанти (т.е. кога буџетот е главно за оперативно работење);
- Хуманитарни активности;
- Инфраструктурна реконструкција;
- Дејствија што дискриминираат поединци или групи на луѓе врз основа на нивниот пол, сексуална ориентација, верски убедувања или недостаток од нив или нивното етничко потекло;
- Активности кои спаѓаат во општите активности на надлежните државни институции или службите на државната администрација, вклучувајќи ја и локалната власт.

## 5. Видови на апликанти или категории на апликанти кои можат да добијат финансиска поддршка

Повикот е отворен за сите граѓански организации кои:
- се регистрирани најмалку 1 година пред датумот на објавување на повикот, како здруженија или форми на здружување согласно Законот за здруженија и фондации;
- се активни на територија на Република Македонија;
- се директно одговорни за подготовката и управувањето со акцијата, а не да дејствуваат како посредник.

На повикот не можат да учествуваат организации кои се корисници на грант (beneficiary), од Делегацијата на Европската Унија, ниту како координатор, ниту како партнер, во рамките на Програмата на ИПА за поддршка на граѓанското општество и медиумите за 2015 година (IPA CSF Civil Society Facility and Media Programme 2015) - повик EuropeAid/151-569/DD/ACT/MK.

**Ко-апликанти**: ГО кои аплицираат **задолжително** треба да имаат **најмалку еден ко-апликант** за проектот, а тоа **задолжително** треба да биде локална самоуправа или центар за регионален развој.

**Пријавата мора да биде во согласност со сите критериуми, со цел истата да премине во фазата на оценување. Пријавите кои не ги исполнуваат овие услови ќе бидат одбиени.**

## 6. Времетраење на проектот

Период на реализација на активностите е од **1 февруари 2018 година** до **јануари 2019 година** (максимум 12 месеци). Очекувано е проектите да започнат со спроведување на активностите најрано на 01 февруари 2018, а да завршат најдоцна до 31 јануари 2019 година.

## 7. Средства

Повикот предвидува доделување на **најмалку** 10 мали грантови со поединечна максимална вредност од 8.000 евра во денарска противвредност по грант односно вкупна вредност на обезбедените средства за оваа намена од 96.000 евра.

## 8. Критериуми за избор

Сите пријави кои ја поминале административната проверка ќе бидат презентирани пред Комисијата за евалуација. Во своето одлучување, Комисијата предност ќе даде на креативни и иновативни апликации со потенцијал за долгорочна одржливост. Поконкретно, следните **<u>критериуми за избор</u>** ќе бидат применети при одлучувањето:

| **АДМИНИСТРАТИВНА ПРОВЕРКА** | **ДА** | **НЕ** |
|---|---|---|
| Апликацијата е доставена во рамките на временскиот рок објавен во повикот | | |
| Апликацијата е уредна и ги содржи сите прилози објавени во повикот | | |
| Организацијата ги исполнува формалните услови за учество во повикот (основана е и регистрирана во Република Македонија согласно Законот за здруженија на граѓани и фондации најмалку една година пред датумот на објавување на овој повик) | | |
| **Квантитативни критериуми** (max. 40 поени) | Вкупно бодови | Доделени бодови |
| Очекуван број на учесници / целни групи постигнати од активноста | 10 бодови | |
| Опфат на засегнати страни: локалните самоуправи, центри за регионален развој и други чинители вклучени во проектот | 15 бодови | |
| Буџет и економичност на акцијата | 15 бодови | |
| **Квалитативни критериуми** (max. 60 поени) | | |
| Релевантност на акцијата | 10 бодови | |
| Ефективност и оправданост на акцијата | 10 бодови | |
| Одржливост на акцијата | 10 бодови | |
| Оригиналност и иновативност на предлогот | 20 бодови | |
| Релевантност на активноста за локалната заедница | 10 бодови | |

Врз основа на спроведената постапка, Комисијата за евалуација ќе подготви листа на рангирани проекти, вклучувајќи и резервна листа. Највисоко рангираните организации-потенцијални грантисти ќе бидат повикани на поединечни состаноци за понатамошно дискутирање и усогласување на предложениот проект и буџет.

CSOs for Making Local Democracy Work
This project is funded by the European Union

Комисијата за евалуација има задача да обезбеди еднаква географска и тематска покриеност на избраните проекти.

Во текот на процесот на оценување, донаторот може да побара дополнителни информации од подносителот на пријавата за предлог-проектот или за организацијата, коишто смета дека се потребни за завршување на оценувањето. Барањето дополнителни информации не подразбира дека истите ќе бидат или нема да бидат поддржани.

Листата на избраните организации ќе биде објавена и на веб страната www.lokalnademocratija.mk

Селектираните грантисти се обврзани да учествуваат во проектните активности кои вклучуваат.

1. Учество на 4 еднодневни обуки за јакнење на капацитетите на организациите (напредно раководење со проектен циклус и ЕУ фондови; финансиско раководење; комуникации и видливост; вмрежување за застапување);
2. Учество на регионалните форуми;
3. Учество на граѓанските панели за развивање на локални јавни политики;
4. Учество на национален форум за размена на искуства на добри пракси за соработка помеѓу граѓански организации и локални власти.

Селектираните грантисти, се обврзуваат да доставуваат наративни и финансиски извештаи до АЛДА Скопје, според формат и начин утврден во договорот кој ќе биде склучен.

## 9. Поднесување на пријавите

Пријавата за овој повик се состои од:

**1. Образецот за пријавување (Прилог 1);**
**2. Изјава за партнерство (Прилог 2);**
**3. Образец за предлог – буџет (Прилог 3);**

Дополнителни прилози кои ќе бидат побарани САМО од оние апликанти кои ќе бидат во потесен избор:

1. Тековна состојба од Централен регистар, не постара од шест месеци;
2. Работни биографии на персоналот вклучен во проектот;
3. Годишен извештај за работа и финансиски извештај, за 2016 година.

За целосно поднесена пријава ќе се смета онаа вклучува целосно пополнет образец за пријавување на проектот (Прилог 1), изјава за партнерство (Прилог 2) и образец за предлог-буџет (Прилог 3).

Образецот за пријавување (Прилог 1) треба да биде целосно пополнет. За пополнување на пријавата се користи фонт **Tahoma, големина 11**.

Ставките во буџет мора да се поставени во функција на реализација на предвидените активности. Образецот за предлог-буџет ги содржи ставките кои можат да бидат финансирани во рамките на грантовата шема (eligible costs). Трошоците за ДДВ не се признаваат.

Во соработка со АЛДА сите избрани грантисти се обврзани самостојно да спроведат постапка за ослободување од ДДВ по основ на странска донација во Секретеријатот за европски прашања (СЕП) и Управата за јавни приходи (УЈП).

Комплетните пријави мора да бидат поднесени во електронска форма на македонски јазик со овластен потпис и печат во еден примерок.

**Пријавите се доставуваат најдоцна до 17.00 часот, 24.12.2017 на следната адреса: cso.democracy@aldaintranet.org**

Евентуални прашања во врска со повикот можат да бидат поставени **исклучиво по писмен пат** на e-mail: cso.democracy@aldaintranet.org **најдоцна до 10.12.2017**. Одговорите на поставените прашања ќе бидат објавени на www.lokalnademocratija.mk најдоцна до 12.12.2017 година.

## 10. Информативни средби

АЛДА Скопје во соработка со партнерските организации ќе организира четири информативни средби за заинтересираните кандидати на овој повик во Битола, Струга, Велес и Струмица. Точниот термин на одржување на информативните средби ќе биде објавен на интернет страниците на проектните партнери.

CSOs for Making Local Democracy Work
This project is funded by the European Union